# ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

2012 - 2014

МАЈ 2015

ПРОЕКТ НА УСАИД ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

Оваа публикација е овозможена со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамки на Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Содржината на публикацијата е одговорност на Фондацијата Отворено општество - Македонија и Реактор – Истражување во акција и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединатите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ........................................................................ 3
ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ И НАУЧНАТА ЛИТЕРАТУРА: ПОКАЗАТЕЛИ НА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ........... 3
ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО И МЛАДИТЕ................ 4
ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА: КОМУНИЗАМ И ТРАНЗИЦИЈА ВО ПЛУРАЛНИ ДЕМОКРАТИИ ........................................................................ 4
ПОСТОЕЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 6
ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА ОД 2012 ДО 2014 ........................................................................ 7
ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ОПШТО ДОБРО ........................................................................ 8
ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ ...................................... 8
ГЛАСАЊЕ НА ИЗБОРИ (КОНВЕНЦИОНАЛНО ГРАЃАНКО УЧЕСТВО) ........................................................................ 9
ВОЛОНТЕРСТВО ВО МАКЕДОНИЈА .................... 10
ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО МЕЃУ МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ........................................................................ 12
ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ СО РАЗЛИЧНА ДЕМОГРАФСКА ПОЗАДИНА ........................................................................ 13
ЗНАЧЕЊЕТО НА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА И КАКО ДО ЗГОЛЕМЕНО ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО?.......................................... 14
БИБЛИОГРАФИЈА..................................................... 17

# ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД

### ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ И НАУЧНАТА ЛИТЕРАТУРА: ПОКАЗАТЕЛИ НА ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Овој извештај претставува збирен преглед на граѓанското учество во Македонија помеѓу 2012 и 2014 година. Податоците кои се прикажани во овој документ главно потекнуваат од оригиналните истражувања на Реактор и се всушност одговори од 3.516 граѓани на работоспособна возраст (16 до 66 години), собрани во три наврати во 2012, 2013 и 2014 година.

Граѓанското учество како концепт е суштинска компонента на едно здраво демократско општество. Ангажираното граѓанство, односно граѓаните кои се активно вклучени во подобрувањето на своите заедници и својата држава се од огромна корист за граѓанското општеството и главен показател за здрави заедници, демократска држава и задоволни граѓани (Ehrlich, 2000; Zaff, Boyd, Li, Lerner, & Lerner, 2010).

Граѓанското учество во најшироката смисла е склоп на ставови, знаења и вештини, но пред се активности кои се од корист на општеството, односно го подобруваат општото добро и благосостојбата на заедницата (Lenzi et al., 2012; Youniss, Mclellan, Su, & Yates, 1999). Овие активности, кои најчесто се базираат на волонтерска работа, се наоѓаат под разни термини кои често се употребуваат синонимно. Најчесто употребувани се граѓанска партиципација, граѓанско учество, граѓански активизам, граѓанска вклученост, ангажирано граѓанство, и граѓански ангажман (Lenzi, et al., 2012).

Волонтерството исто така е составен дел од граѓанското учество и со тоа уште повеќе се акцентира придобивката на општеството од граѓанското учество. Така Меѓународната организација на труд цени дека волонтерството придонесува најмалку 400 милијарди (американски) долари во глобалната економија и освен тоа придонесува за обучување на работната сила (ILO, 2008).

Важна терминолошка, но и концептуална разлика воведуваат Dejaeghere & Hooghe (2009) кои прават разлика меѓу конвенционална партиципација и граѓанска ангажираност, каде конвенционалната партиципација е поврзана со употреба на постојните државни механизми за влијание и всушност претставува политичка активност како на пр. гласање односно излезност на избори, додека концептот „ангажираност“ е асоциран со волонтирање, помагање и активности во заедницата. Волонтерството понатаму се дели на формално и неформално, каде формалното волонтерство е волонтерство преку невладини, непрофитни и други видови на организации (ние го нарекуваме и традиционално волонтерство), додека неформалното или нетрадиционалното волонтерство е директно помагање на индивидуи вон рамките на одредена организација или група.

Граѓанското учество (вклучително и волонтерството) е еден од главните показатели за социјална вклученост и интеграција на граѓаните (Dejaeghere & Hooghe, 2009; ILO, 2008), па така, граѓаните кои се активно вклучени во подобрувањето на сопствените заедници чувствуваат поголема припадност на заедниците и со тоа ја подобруваат и добросостојбата на општеството во целост и сопствената благосостојба, бидејќи низ граѓанското учество тие се чувствуваат корисни и поврзани со своите заедници (Lerner, 2004; Zaff & Michelsen, 2001). Некои автори одат дотаму што тврдат дека со тоа активната вклученост во подобрувањето на заедниците не само што го подобрува општеството и задоволството на граѓаните, туку и самиот развој на граѓаните.

Граѓанската ангажираност од друга страна е во тесна врска со самите сфаќања и ставови на граѓаните и тоа пред сѐ со довербата во функционалноста на системот, довербата во сопствените заедници и сограѓани како и довербата во сопствената ефикасност и корисност (ILO, 2008; Zaff, et al., 2010). Ова е особено важно за државите во транзиција каде се поставуваат нови системи кои за да бидат прифатени мора да остварат доверба во нивната функционалност.

## ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО И МЛАДИТЕ

Врската помеѓу граѓанското учество и социјалната вклученост е особено важна за маргинализираните групи, како на пример етничките малцинства и особено младите, кои често се опишувани како апатична, неагажирана и социјално исклучена група (Blais, Gidengil, & Nevitte, 2004; Franklin, 2004; Jois & Toppe, 2005; Kimberlee, 2002; Korunovska Srbijanko, Korunovska Avramovska, & Maleska, 2011, 2012a; Pippa, 1999).

Загриженоста за **намаленото граѓанско учество на младите** е тема на голем број истражувања и јавни политки и веќе со децении оваа состојба е оценувана како **кризна,** бидејќи зголеменото младинското неучество, а особено на избори[1] (EC, 2013; UNDP, 2012a, 2012b) ги загрозува основите на демократското општество, односно на репрезентативната демократија. Младите луѓе во новиот глобализиран свет на дигитални медиуми се идентификувани како група која не ја сфаќа важноста на јавните политики и традиционалниот граѓански активизам, односно група која во нив не гледа полза (Bennett, Wells, & Rank, 2007). Со тоа, младите се оценети како неинтегрирани во „општеството на возрасните“ односно како социјално исклучени (Dejaeghere & Hooghe, 2009; Harris, Wyn, & Younes, 2010).

Сепак, не сите автори се загрижени за опаѓањето на младинското граѓанско учество. Голем број сметаат дека иако младите не учествуваат во своите заедници во традиционалната смисла на зборот (како на пр. преку гласање на избори или учество во политички партии), тие „компензираат“ со нови, прогресивни идеи и однесувања особено преку новите медиуми, но и низ улични перформанси, волонтерство и протести (Bennett, et al., 2007; Dejaeghere & Hooghe, 2009; Jois & Toppe, 2005). Овие автори тврдат дека нестабилниот социјален контест во кој се наоѓаат младите придонесува тие самостојно да го редефинираат својот политички стил на дејствување со тоа што наместо конвенционалните видови на граѓанско учество тие учествуваат во нови активности, како на пример волонтерство на локално ниво, конзумерски активизам, поддршка на глобални каузи, учество во меѓународни активности и креирање на глобално граѓанско општество преку партиципација во социјалните мрежи и форуми (Bennett, et al., 2007; Cohen, 2005; Dejaeghere & Hooghe, 2009; O’Toole & McDonagh, 2003; Zaff, et al., 2010).

Во секој случај, акцентирањето на намаленото (конвенционално) граѓанско учество кај младите и разбирањето на причините за неговата појава е важно бидејќи истражувањата покажуваат дека граѓанското учество е стабилно низ годините, па така оние кои се граѓански (не)активни како помлади е веројатно да останат (не)активни и како постари (Jois & Toppe, 2005).

## ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО ЗЕМЈИТЕ ОД ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА: КОМУНИЗАМ И ТРАНЗИЦИЈА ВО ПЛУРАЛНИ ДЕМОКРАТИИ

Загрижува и податокот што најголемиот дел од наодите, теориите и истражувањата за граѓанското учество се однесуваат на високоразвиените земји кои имаат долга историја на плурална демократија, односно фактот што состојбата со граѓанското општество во помалку развиените земји е речиси неиспитана.

[1]Како што веќе напоменавме, гласањето на избори е исто така подкатегорија на граѓанското учество, бидејќи граѓаните кои гласаат на избори се активно (иако индиректно) вклучени во политичките одлуки за сопствените заедници. Гласањето на избори е исто така нарекувано конвенционално граѓанско учество.

Поради оваа оскудност на информации интересно е да се разгледаат разликите меѓу помладите и постарите генерации во системите кои беа подложени на транзиција од социјалистичко (комунистичко) општество во парламентарна демократија. Потенцијалните разлики меѓу помладите и постарите генерации во нивните ставови за политичкото и граѓанско уредување, како и разликите во степенот и начините на активно дејствување за подобрувањето на заедниците се дотолку поочекувани бидејќи во овие земји постарите и помладите генерации се израснати во сосема поинакви системи и на уредување и на вредности. Овие држави се карактеризираат со релативно нови политички, економски и граѓански системи, а граѓанското општество во нив сè уште се развива и нема постигнато ниту зрелост ниту стабилност. Контекстот е толку различен и системите се во константно менување, што може да се очекуваат разлики и во јачината и во постоењето на досега дискутираните утврдени врски помеѓу граѓанската вклученост и сите нејзини показатели, како на пр. социјалната вкученост, поврзаноста со заедниците, сфаќањата и очекувањата на граѓаните како и нивните демографски карактеристики.

Дека разлики постојат полемизира на пример Ковачева (2000). Таа тврди дека за разлика од комунистичките режими на југоисточна Европа учеството во „комунистичката младина“ било автоматско и приморано (без да нуди реална автономија и учество на младите во креирањето на сопствените политики), младите денес недоволно го користат новиот систем кој нуди поголеми можности за нивно вклучување (Kovacheva, 2000). Ковачева (2000) тврди дека младите од пост-комунистичките земји имаат отпор кон формалното здружување, па помаку од 10% (во некои земји помалку од 5%) од младите се зачленети во граѓански организации. Со тоа тие ја пропуштаат можноста активно да учествуваат во донесувањето на одлуки и градењето на јавни политики. Ова според авторката се должи на наследената недоверба кон институциите на системот вистински да ги вклучи младите во донесувањето на одлуки. Затоа, младите од овие држави претпочитаат да учествуваат во спонтани, неформални движења и протести, а нивната излезност на избори се намалува, иако генерално трендот на излезност на младите на избори во Централна и Источна Европа е повисок од оној во развиените земји (Kovacheva, 2000).

Загриженоста за состојбата со граѓанското учество во пост-комунистичките земји не е свртена само кон младите. Иако оскудна, постоечката литература за граѓанското учество во пост-комунистичките земји индицира пониска граѓанска вклученост и свест во овие земји во споредба со западно европските и Северна Америка (Lenzi, et al., 2012; Mondak & Gearing, 1998). Дел од оваа разлика може да се објасни со нискиот економски развој и високата стапка на невработеност во голем дел од овие земји. Така, Lim & Sander (2013) покажуваат цврста врска помеѓу вработеноста и граѓанското учество во нивната 20 годишна анализа на граѓанското учество во САД, каде вработените се постојано поангажирани од нивните невработени сограѓани. Тие исто така покажуваат значајна позитивна врска помеѓу политичката партиципација и периоди на голема глобална невработеност (поголемо учество во политички партии во времиња на глобална невработеност и на вработените и на невработените), но и намалена граѓанска ангажираност во периоди на зголемемена економска нееднаквост, односно нееднаквост на примања меѓу различните групи на луѓе. Ова е релевантно за нашиот контекст бидејќи во посткомунистичките земји поради промената на системот се зголеми и нееднаквоста меѓу граѓаните и стапката на невработеност. Ковачева (2000) исто така ја поврзува високата невработеност на младите со нивната социјална исклученост и потенцира дека вработените имаат и поголеми можности (информации) да се вклучат, но и генерално поголем мотив бидејќи се чувствуваат корисни, односно не се депримирани и скептични кон општествениот поредок поради својата подредена положба во општеството.

## ПОСТОЕЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Што се однесува до статусот на граѓанското учество во Република Македонија, истражувањата покажуваат дека состојбата е на незавидно ниво. Според меѓународниот компаративен извештај на Галуп, кој граѓанското учество го мери само со три индикатори[2], Македонија се наоѓа на ниското 106-то место од 130 земји, а нашите соседи зафаќаат 4 од последните 7 места на земји со најнизок индекс на граѓанско учество (Gallup, 2011). Според оваа анкета, 26% од Македонските граѓани донирале пари, само 7% волонтирале време и една третина, или 33% му помогнале на непознат човек, што е значајно под светскиот просек кој изнесува 30% за донации, 20% за волонтирање и 46% за помош на непознати и САД кои се на врвот на листата, каде 65% донирале пари, 43% волонтирале време и 73% му помогнале на непознат човек (Gallup, 2011). Ова е рефлектирано и во Стратегијата за развој и промоција на волонтерството на Министерството за труд и социјална политика (МТСП, 2010). Истражувањата што ги цитира стратегијата потенцираат ниско граѓанско учество: 10% волонтери во 2006 според инстражувањето на ЦИРа[3], од кој половина во граѓански организации; 16% во 2007, и 27% во 2009 според МЦМС[4] (Клековски, Кржаловски, & Јаковлеска, 2007; Клековски et al., 2009; МТСП, 2010; ЦИРа, 2006).
Стратегијата заклучува:

> *„Врз основа на досегашните искуства и показатели, евидентно е дека волонтерството во РМ не е на завидно ниво. Во јавноста постои генерален недостаток на свест за користа од волонтирањето. Исто така, постои недостапност до брза информација за можностите за волонтирање меѓу одредени групи на граѓани, особено на повозрасните. Тоа доведува до недостаток на вреднување на волонтирањето во јавноста и неговото признавање како релевантно искуство, на пример при вработувањето“*

Од студиите кои се објавени по стратегијата, заклучоците се слични: „граѓанскиот ангажман е низок“ (Клековски, Стојанова, Јаковлевска, & Нурединоска, 2011, стр. 8), а промени во волонтерски активности нема (Клековски, Јаковлеска, & Стојанова, 2011). Волонтерската работа не само што е мала туку е и неконтинуирана, односно вообичаено еднократна. Стратегијата на Министерството за труд и социјална политика вели дека граѓаните на РМ во просек волонтираат 10 часа годишно, а Анкетата на користење на времето на Државниот завод оценува дека невработените и економски неактивните Македонци поминуваат во просек по 3 минути на ден на волонтирање додека нивните вработени сограѓани по 4 минути на ден. Ова се отприлика 24 часа годишно за вработените и 18 за невработените, од што може да се претпостави дводневно или тродневно волонтирање годишно (ДЗС, 2009).
Причините за ниското граѓанско учество се гледаат во нерешените егзистенцијални потреби на граѓаните (МТСП, 2010; ЦИРа, 2006), што е во согласност со научната литература која како што веќе истакнавме, сугерира врска меѓу невработеноста и ниското граѓанско учество.
Основата за загриженост е уште поголема за младите Македонци. Прво бидејќи дури и основните статистики за младинска излезност на избори се недостапни (Korunovska Srbijanko, et al., 2012a). Второ, стапката на невработеност на младите е редовно околу (и често над) 50%[5] (ДЗС, 2013, 2014), индикатор за огромна социјална исклученост на младите (Korunovska Srbijanko, Korunovska Avramovska, & Maleska, 2013).

---

[2]Донирање на пари за добротворни цели, волонтирање на своето време во некоја организација, и давење помош на непознат човек.

[3]Центар за институционален развој

[4]Македонски центар за меѓународна соработка

[5] Овие статистики важат за млади од 15 до 24 години, но дури и кај групата млади од 24 до 29 години стапката на невработеност е околу 40%

Логично е оние млади кои неможат да најдат работа во своите заедници (градови и села) да бараат излез надвор од нив, па така излишно би било да се зборува за чувство на припадност кон заедниците и граѓанска ангажираност во истите кога заедниците не можат да овозможат ниту основна егзистенција за младите и кога младите масовно ја напуштаат државата. Така, извештајот за миграција на Светска Банка проценуваа дека емигрираните Македонци изнесуваат 22% од вкупното население во Македонија (World Bank, 2011a, 2011b), додека Меѓународната организација на труд тврди дека особено младите лица помеѓу 18 и 35 години претставуваат најголем дел од мигрантите (ILO, 2011).

Освен младите кои веќе ја напуштиле државата, загрижувачки е и податокот дека од оние кои останале во државата, високи 34% би сакале перманентно да ја напуштат кога би имале можност (Gallup, 2014b). Во извештајот на Галуп нема детални податоци за тоа колку од овие 34% Македонци кои сакаат да ја напуштат Македонија се млади, меѓутоа во светски рамки мнозинството на лица кои сакаат да емигрираат се токму на возраст меѓу 15 и 24 години (Espirova, Ray, & Pugliese, 2011).

Од минати студии на Реактор знаеме дека осум од десет невработени млади во Македонија наспроти секој втор од вработените млади би се преселиле од сопственото место на живеење за подобра работа (Korunovska Srbijanko, Korunovska Avramovska, & Maleska, 2012b). Од овие, цела половина (40% од вкупниот број невработени и 24% од од вкупниот број вработени) тоа би го направиле не само надвор од сопствените места на живеење туку и надвор од границите на државата[6] (Korunovska Srbijanko, et al., 2012b). Дури и средношколците, кои сè уште не ни излегле на пазарот на труд, во голема мера се гледаат себе сѝ надвор од државата. На прашањето „каде се гледате себеси за 10 години?" 46% од средношколците во 2010 година одговорија дека се гледаат надвор од државата (Korunovska Srbijanko, et al., 2011, 2012b). Еден од секои десет млади, односно еден од пет кај најстарата група (25-29) години веќе се имаат преселено во рамките на државата[7] (Korunovska Srbijanko, et al., 2012b).

Освен тенденциите за миграција, истражувањето на Македонските средношколци покажа дека во 2009 година само 16% од средношколците работеле (со друг или во група) за да решат одреден проблем во градот во којшто живеат, а 24% волонтирале. Понатаму, загрижувачки 68% сметаат дека не можат да помогнат односно можат да помогнат само малку во решавањето на проблемите на својот град, а речиси за половина од средношколците (48%) гласањето на избори не е воопшто важно или е малку важно (иако 75% од нивните родители гласале на сите или на повеќето избори) (Korunovska Srbijanko, et al., 2012b).

Сумарно, состојбата со граѓанското учество во Македонија се чини дека е лоша со индикации за ниско граѓанско и особено ниско младинско учество. Поради тоа целта на оваа студија е подобро да ја разбере и опише состојбата со граѓанското учество во Македонија, да направи споредба меѓу помладите и постарите испитаници, да ги одгатне причините за ниското граѓанско учество и да изнајде можни патишта до зголемено граѓанско учество.

## ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА ОД 2012 ДО 2014

Во овој опсежен преглед на граѓанското учество во Македонија разгледуваме 4 големи подкатегории (или показатели) на граѓанско учество: учество во граѓански иницијативи за општо добро, граѓански активизам, учество на политички избори и волонтерство (вклучително и донации). Граѓанските иницијативи ги дефинираме како учество во било каква акција за подобрување на заедниците, како на пример еколошки или хуманитарни акции.

[6]Податоци од истражување на репрезентативен примерок од 1209 млади на возраст од 16 до 29 години

[7]Логично, истражувањата кои се вршат на примероци во рамките на државата не се во состојба да стигнат до оние млади луѓе кои веќе ја имаат напуштено државата

Од друга страна со показателот граѓански активизам ги опфаќавме речиси сите останати видови на влијание во заедниците, преку контактирање на јавни установи за да се решат одредени проблеми во заедницата до учество на јавни собири и протести за да се издејствува промена. Гласањето на политички избори односно таканареченото конвенционално граѓанство е разбирливо само по себе и претставува исполнување на граѓанската обврска гласање на локални, парламентарни и претседателски избори. Конечно, волонтерството го делевме на конвенционално, односно волонтерство за и преку организации (најчесто НВО-а) и на индивидуално, односно помош на индивидуи (вклучително и донации).
Во следните поглавја е претставена конкретната состојба во Македонија на сите четири показатели на граѓанско учество.

## ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ОПШТО ДОБРО

Во граѓански иницијативи за општо добро во 2012 година учествувале само петина од граѓаните на работоспособна возраст во Македонија, меѓутоа бројот на граѓани кои учествуваат во граѓански иницијативи значајно се зголемува и до 2014 година достигнува една третина од граѓаните (Табела 1).

**ТАБЕЛА 1. УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА ВО ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ОПШТО ДОБРО ОДНОСНО ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЦИТЕ**

| Дали во последнава година Вие сте биле дел од некоја граѓанска иницијатива за подобрување на вашиот град / село или Македонија? | 2012 | | 2013 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Да | 264 | **22.3** | 300 | **26.8** | 388 | **32.9** |
| Не | 922 | 77.7 | 818 | 73.2 | 793 | 67.1 |
| Вкупно | 1186 | 100.0 | 1118 | 100.0 | 1181 | 100.0 |
| Одбива да одговори | 23 | | 2 | | 6 | |
| Вкупно | 1209 | | 1120 | | 1187 | |

Убедливо најчести граѓански иницијативи се еколошките акции како на пример пошумувањето, чистењето на отпад и слично. Преку половина граѓани кои учествуваат во граѓански иницијативи всушност учествуваат во еколошки акции. Меѓутоа иако бројот на иницјативи се зголемува, процентот на граѓани кои учествуваат во еколошки иницијативи значително се намалува.
По еколошките акции како најчести следат акциите за поправки на инфраструктурата и хуманитарните акции.

## ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

Во оваа студија разликувавме три видови на граѓански активизам: таканаречен контакт граѓански активизам, таканаречен хостилен граѓански активизам и таканаречен конструктивен граѓански активизам. Овие називи се на некој начин произволни меѓутоа произлегуваат од детална анализа на одговорите на граѓаните и зависат од меѓусебната поврзаност на различните активности кои активните граѓани ги преземаат.
Така, контакт активизмот претставува граѓански активизам преку контакт со јавните институции, најчесто општинските власти, меѓутоа и со пратениците и членовите на Владата на Република Македонија. Со други зборови, во оваа група спаѓаат оние граѓани кои се обидуваат да донесат позитивна промена во сопствените заедници преку контакт со јавните институции.
Конструктивниот активизам е сличен на контакт активизмот, меѓутоа изискува поголем ангажман од граѓаните од едноставно контактирање на властите. Во него спаѓаат учествата во работни групи или јавни расправи за решавање на одредени проблеми, како и доставувањето на предлози и претставки до јавните институции.

За крај, последниот вид на граѓански активизам е таканаречениот хостилен активизам во кој спаѓаат учествата на јавни протести и собири како и потпишувањето на петиции.

**ТАБЕЛА 2. ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| Дали испитаничката била граѓански активна | 2012 | | 2013 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| **Граѓански активизам (барем една активност од сите активности)** | 486 | **40.2** | 491 | **43.8** | 561 | **47.3** |
| Контакт активизам (барем еден контакт со државна/јавна институција) | 334 | 27.6 | 347 | 31.1 | 416 | 35.2 |
| Конструктивен активизам (учество во работни групи, јавни расправи, предлози) | 246 | 20.3 | 243 | 21.7 | 302 | 25.6 |
| Хостилен активизам (протест или петиција) | 174 | 14.4 | 191 | 17.1 | 216 | 18.3 |
| Вкупно | 1209 | | 1120 | | 1187 | |

Во Македонија може да се каже дека значаен дел од граѓаните се граѓански активни на еден или на друг начин (Табела 2). Слично како и кај граѓанските иницијативи и тука бројот на активни граѓани расте низ годините, меѓутоа не толку драстично како кај иницијативите. Сепак многу поголем број граѓани учествуваат во гореопишаните форми на граѓански активизам отколку во граѓански иницијативи, па во 2014 година, речиси секој втор граѓанин на работоспособна возраст бил граѓански активен.
Најчест вид на граѓански активизам е контакт активизмот, кој го применуваат околку третина на граѓаните. По него следи конструктивниот граѓански активизам кој го применуваат околу четвртина на граѓаните и на крај е хостилниот активизам, кој иако најнезастапен, во 2014 го применувале околу петина од граѓаните на работоспособна возраст.

## ГЛАСАЊЕ НА ИЗБОРИ (КОНВЕНЦИОНАЛНО ГРАЃАНКО УЧЕСТВО)

Конвенционалното граѓанско учество, односно гласањето на политички избори е еден од најсериозните граѓански ангажмани во репрезентативните демократии и за разлика од учеството во граѓански иницијативи и граѓански активизам, овој вид на граѓанско учество се смета не само како позитивна активност туку и како обрвска на граѓаните.
Во студијата го разгледувавме гласањето од повеќе аспекти: прво како став (колку е важно гласањето за граѓаните), потоа како веќе преземена актвност (дали односно колку често граѓаните гласале во минатото), и конечно како декларирана намера да се гласа во иднина.
Декларативно, македонските граѓани во голема мера ја исполнуваат оваа своја обврска, а исто така голем дел од нив планираат да ја исполнуваат оваа обврска и во иднина (Табела 3).

**ТАБЕЛА 3. КОНВЕНЦИОНАЛНО ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО ГЛАСАЊЕ НА ИЗБОРИ**

| Колку често сте гласале во минатото? | 2013 | | 2014 | | Дали ќе гласате на следните избори? | 2013 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | | f | % | f | % |
| Не сум гласал/а | 37 | 3.4 | 31 | 2.7 | Сигурно не | 59 | 5.4 | 52 | 4.5 |
| На некои избори | 83 | 7.7 | 90 | 8.0 | Најверојатно не | 37 | 3.4 | 37 | 3.2 |
| На повеќето избори | 96 | 8.9 | 94 | 8.3 | Можеби | 117 | 10.6 | 115 | 10.0 |
| На(речиси)сите избори | 867 | **80.1** | 917 | **81.0** | Да најверојатно | 123 | 11.2 | 139 | 12.1 |
| | | | | | Да сигурно | 765 | **69.5** | 807 | **70.2** |
| Вкупно | 1083 | 100.0 | 1132 | 100.0 | Вкупно | 1101 | 100.0 | 1150 | 100.0 |
| Малолетник/чка | 33 | | 47 | | Одбива да одговори | 19 | | 37 | |
| Не знам | 4 | | 8 | | | | | | |
| Вкупно | 1120 | | 1187 | | Вкупно | 1120 | | 1187 | |

Конретно, најголем дел од граѓаните (80% во 2013 односно 81% во 2014) на возраст од 18 до 66 години (малолетните испитаници беа изоставени од ова прашање) гласале на речиси сите избори на кои имале право на глас. Бројките се скоро идентични за 2013 и 2014 година, што значи дека локалните избори во 2013 и претседателските односно предвремените парламентарни избори во 2014 година не ги менуваат изјавите на граѓаните, ниту нивната декларативна излезност. Само мал дел од граѓаните (3%) изјавиле дека ниту еднаш не го искористиле своето право на глас, а дополнителни 8% гласале само на некои избори.

Слично, најголемиот дел на граѓани (70%) се сигурни дека (повторно) ќе гласаат, дополнителни 11% односно 12% тоа ќе го направат најверојатно. Само 5% од граѓаните се сигурни дека нема да гласаат на следните избори и ова е незначително поголем број од оние кои никогаш не гласале.

Интересно е дека бројот на граѓани кои изјавиле дека гласале на речиси сите избори на кои имале право да гласаат е значително поголем од официјалната излезност на изборите во последните 15 години (Табела 4).

**ТАБЕЛА 4. ИЗБОРИ И ИЗЛЕЗНОСТ ОД 2000 ДО 2014 (РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)[1]**

| Вид на избори | Година | Излезност[2] |
|---:|:---:|:---:|
| (предвремени) парламентарни | 2014 | 63% |
| претседателски | 2014 | 54% |
| локални | 2013 | 67% |
| (предвремени) парламентарни | 2011 | 63% |
| претседателски и локални | 2009 | 57%[3] |
| (предвремени) парламентарни | 2008 | 58% |
| парламентарни | 2006 | 56% |
| локални | 2005 | 56% |
| претседателски | 2004 | 55% |
| парламентарни | 2002 | 73% |
| локални | 2000 | 59% |

[1] Податоци добиени од OSCE/ODIHR http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom и Државната изборна комисија http://sec.mk/index.php?lang=mk

[2] процент на граѓани кои излегле да гласааат од број на избирачки список

[3] достапни податоци само за претседателски изброи

Оваа дискрепанца може да се толкува на неколку начини или на комбинација од нив. Прво, испитаниците можеби ја преувеличуваат сопствената излезност на избори од недостиг на меморија, бидејќи сакаат да прикажат социјално посакувана активност или од други причини. Второ, овие резултати можеби сигнализираат дека поголем дел од гласачкото тело над 66 години не успева да излезе на избори иако ова е малку веројатно, бидејќи постарите граѓани почесто излегуваат на избори (UNDP, 2012a). Трето, можеби примерокот на граѓани (кои одговараат на анкети и поседуваат телефон) се група која поверојатно и почесто излегува на избори од оние кои или немаат телефон или не прифаќаат да одговараат на телефонски анкети. За крај, доста веројатно е бројките да го сигнализираат фактот дека голем дел од македонските граѓани се иселени од државата меѓутоа сеуште се наоѓаат на избирачките списоци и со тоа бројката на граѓани која официјално излегува на избори личи помала од реалната.

## ВОЛОНТЕРСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

Волонтерството е клучен дел од граѓанското учество, често дури и синоним за граѓанско учество. Тоа е тесно поврзано со граѓанските иницијативи, бидејќи тие претставуваат еден вид на волонтерство. Преку волонтерството најчесто се решаваат одредени проблеми во заедницата (идентично со иницијативите), меѓутоа волонтерството има поширок спектар. Под волонтерство спаѓаат и акции за практична помош на групи или сограѓани како и организирање на настани во заедницата.

Во нашата студија волонтерството беше мерено преку листа на начини на бесплатна помош и од испитаниците се бараше да назначат дали тие пружиле таква помош или не, за да бидеме сигурни дека сите испитаници одговараат за ист вид на волонтеризам, односно за да не постојат слободни интерпретации на волонтерството.
Меѓу другото, како што веќе напоменавме во воведот, разликувавме формално и неформално волонтество. Под формално, односно традиционално волонтерство подразбираме (бесплатна) помош на организации, групи, клубови или здруженија. Под неформално, односно индивидуално волонтерство подразбиравме (бесплатна) помош на сограѓани со кои испитаниците не се сродно поврзани. Помагањето на сограѓани со кои не се во роднински врски е специфичен вид на волонтерство кој не припаѓа под традиционалното сфаќање за волонтерството. Во овој вид волонтерство ги сметавме и индивидуалните донации (на пр. на облека, храна, крв, пари или сл.).
Формалното волонтерство (бесплатната помош на организации, групи, клубови и здруженија) најчесто го применуваат членовите на самите организации, клубови и здруженија, меѓутоа истите може да бидат помагани и од граѓани кои не се нивни членови (Табела 5). Во Македонија, од 2012 до 2014 во организации, групи, клубови и здруженија членуваат меѓу 17 и 21% од граѓаните на возраст од 16 до 66 години.
Најчест тип на организации во кои членуваат граѓаните на Република Македонија се политичките партии, спортските клубови и хуманитарните организации, а по нив следат културните организации и здруженија, како и организации кои ја промовираат деморатијата и човековите права.

**ТАБЕЛА 5. ВОЛОНТЕРСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

| **Процент на формални и неформални волонтери во Македонија (од генералната популација на возраст од 16 до 66 години)** | 2012 | | 2013 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | f | % | f | % |
| Формално волонтерство/ Помош на организации (вкупен процент) | 427 | **36.8** | | | 555 | **47.5** |
| Формално волонтерство само меѓу членовите на организации | 192 | 90.1 | 158 | 86.3 | 241 | 95.6 |
| Формално волонтерство меѓу останатите (оние кои не се членови на организации) | 235 | 24.8 | | | 314 | 34.3 |
| Неформално волонтерство / Помош на индивидуи | 984 | **82.8** | 990 | **88.6** | 1083 | **91.5** |
| Одбива да одговори | 21 | | 2 | | 4 | |
| Вкупно | 1209 | | 1120 | | 1187 | |

Слично како и кај граѓанскиот активизам и кај учеството во граѓански иницијативи во Македонија расте и бројот на волонтери. Додека во 2012 година нешто повеќе од третина граѓани волонтирале во или за некоја организација, во 2014 година оваа бројка се зголемува за 10% и достигнува речиси половина од граѓаните на работоспособна возраст (Табела 5).
Бројот на индивидуални волонтери исто така расте, меѓутоа тој е исклучително висок од самиот старт. Во 2012 осум од десет граѓани помагале некому, во 2014 дури 9 од 10 граѓани дале бесплатна помош на лице (Табела 5).
Најчеста помош која организациите ја добиваат се бесплатни консултации, помош при организација на настани и бесплатен транспорт од страна на волонтерите. Најретка бесплатна помош е административната односно благајничка, сметководствената работа.
Од индивидуалното волонтерство најчести се донациите, а и бројот на граѓани кои донираат (пари, облека, крв, итн.) расте. Така, додека во 2013 година две третини од граѓаните биле донатори, во 2014 бројот достигнува до три четвртини од граѓаните на работоспособна возраст. Овие податоци се драстично поголеми од податоците на Галуп од 2011 година, каде се наведува дека само 26% од Македонците донирале пари. Со ова се покажува дека иако можеби граѓаните не донираат пари, тие сепак донираат непарични средства.
По донациите, најчест вид на помош и тука се превезувањата, па следат одржувања контакт со болни лица, купување работи за друг како и помош при пополнување на документи.

Најретко, граѓаните бесплатно формално застапуваат некого или пружаат лично грижа за болни и изнемоштени лица, но и овој вид на помош ја пружаат дури четвртина од граѓаните.
Една голема разлика меѓу формалното и неформалното (индвидуалното) волонтерство е фреквенцијата на волонтирање. Додека најголемиот дел од формалните волонтери (оние кои се членови на организација) волонтираат редовно (на неделна или месечна база), индивидуалните волонтери волонтираат поретко. Сепак и кај нив околу една третина волонтира редовно.

## ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО МЕЃУ МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Анализата на разликите меѓу младите (до 30 години) и постарите граѓани на Република Македонија во разните видови на граѓанско учество ги поддржа трвдењата на групата автори кои имаат пооптимистички поглед на состојбата со младите (Bennett, et al., 2007; Cohen, 2005; Dejaeghere & Hooghe, 2009; O'Toole & McDonagh, 2003; Zaff, et al., 2010). Иако младите и поретко гласале во минатото и поретко имаат намера да гласаат во иднината тие исто често колку и постарите учествуваат во граѓански инцијативи и граѓански активизам, а дури и почесто волонтираат. Со тоа се потврдува дека младите поретко учествуваат во конвенционалните и традиционални видови на граѓанско учество, меѓутоа дека тие не се пасивни и дека наоѓаат свои нетрадиционални форми на дејствување и активност во заедниците. Ова е евидентно и од разликите меѓу младите и постарите кај видовите практикуван граѓански активизам: младите поретко учествуваат во контакт активизам, а многу почесто во протести и петиции.
Позитивно е и што граѓанското учество кај младите драстично се зголемува односно дека граѓанското учество на младите од 2012 до 2014 доживува поголем пораст отколку учеството на повозрасните.
Деталните разлики меѓу младите и старите се следни. Кај граѓаните помлади од 30 години, само 65% односно 71% (во 2013 и 2014 година последователно) гласале на (речиси) сите избори на кои имале прилика и ова е значајно поретко во споредба со постарите каде високи 85% (и во двете години) гласале (речиси) на сите избори. Дополнително секој 10ти полнолетен млад граѓанин (10%) во 2013 не гласал ниту еднаш во споредба со 1% од повозрасните. Разликите се буквално линеарни, колку се помлади граѓаните толку е поверојатно тие да не го искористиле своето право на глас. Процентот на оние кои гласале на сите избори се движи од 63-69% кај најмладата група (до 26 години) до 90-91% кај најстарите (57 до 66 години). Разликите не застануваат само кај минатите гласања и младите почесто не се сигурни дека ќе гласаат во иднина; кај нив само 58-61% се сигурни дека ќе гласаат, во споредба со 72-75% од посттарите. И тука разликите се линеарни; што постари граѓаните, тоа е поголема намерата да се гласа во иднина.
Кај посебните видови на граѓански активизам анализата покажа дека младите во 2012 помалку се бават со граѓанскиот активизам генерално, меѓутоа овие разлики до 2014 година ги снемува. Така додека само 34% од младите (во споредба со 42% од постарите граѓани) во 2012 година се бавеле со било кој вид на граѓански активизам, во 2014 ова е точно за речиси половина и од младите и од старите (47% од младите и 48% од постарите)[8]. Понатака, во одредени типови на граѓански активизам младите не заостануваат воопшто, а ова е особено вистина за хостилниот граѓански активизам. Така, додека младите во сите години помалку го применуваат контакт активизмот, тие ги стигаат возрасните во примена на контруктивниот активизам и во сите години еднакво често го применуваат хостилниот активизам, односно еднакво често протестираат и потпишуваат петиции. Конретно, додека само петина од младите се изјасниле дека примениле контакт активизам во 2012 и 2013 година, во 2014 година бројката достигнува речиси третина (29%), меѓутоа овие бројки секогаш се значајно помали од оние на возрасните кај кои контакт активизам применуваат во просек третина од граѓаните (31% во 2012, 35% во 2013 и 38% во 2014).

[8] Во 2013 35% од младите и 47% од постарите се граѓански активни.

За разлика од контакт активизмот, младите се еднакво застапени кога станува збор за хостилниот активизам. Така, во 2012 14% и од младите и од старите протестирале и/или потпишале петиција, во 2013 ова е точно за 17% и од постарите и од помладите граѓани, а во 2014 година бројките достигнуваат 20% за младите и 18% за постарите граѓани. И кај конструктивниот активизам младите се еднакво застапени со постарите, но само во 2014 година (тука четвртина и од постарите (26%) и од помладите (24%) декларираат дека учествувале во некој вид конструктивен граѓански активизам). Во претходните години младите се понезастапени (2012: постари 22%, млади 15%; 2013: постари 24%, млади 15%) што покажува дека граѓанскиот активизам се зголемува и кај двете возрасни групи меѓутоа кај помладите порапидно.
Кај учество во граѓанските иницијативи разлики има само за 2013 година, но и таму се на раб на статистичка значајност (22% од младите и 29% од постарите учествувале во иницијативи таа година). Во 2012 и 2014 година младите еднакво често учествуваат во иницијативи (20% од младите и 23% од постарите во 2012 година, односно 32% од помладите и 33% од постарите во 2014 година).
За крај кај волонтерството, во 2014 година забележуваме дека младите (кои во 2012 не се разликуваат од постарите) значајно почесто волонтираат од старите. Дури 60% од младите во споредба со 43% од постарите се декларираат како формални волонтери. Кај индивидуалното волонтество нема разлики.
Се на сè, разликите меѓу младите и постарите во нетрадиционалните форми на граѓанско учество не постојат, меѓутоа фактот што тие поретко гласаат и фактот што кога пробуваат да решат одреден проблем тоа поретко го прават преку контактирање на одговорните институции е сепак алармантен.

## ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО МЕЃУ ГРАЃАНИТЕ СО РАЗЛИЧНА ДЕМОГРАФСКА ПОЗАДИНА

Освен разликите во граѓанско учество меѓу помладите и постарите граѓани, во студијата ги анализиравме и разликите меѓу граѓаните со различен пол, етничка припадност, степен на завршено образование, место на живеење, статус на пазарот на труд како и разликите меѓу граѓаните со различна финансиска состојба.
Како што образложивме во воведот, научната литература укажува на тоа дека не само младите, туки и другите социјално маргинализирани групи поретко учествуваат во граѓански активизам, особено невработените и оние со помали приходи.
Во Македонија, во периодот од 2012 до 2014 година, најголеми разлики во граѓанско учество има меѓу граѓаните со различен степен на образование. Пообразованите граѓани се значајно поактивни во сите видови на граѓанско учество освен во гласањето на избори. Што повисоко образованието на граѓаните, тоа е поверојатно тие да бидат вклучени во граѓански активизам, иницијативи или волонтерство. Ова е еден важен податок кој покажува дека со зголемување на образованието на населението може да се очекува поголемо граѓанско учество.
Интересно е дека во Македонија, статусот на пазарот на труд иако игра улога во граѓанскиот активизам, тој не игра пресудна улога. Генерално, економски неактивните граѓани се граѓански најпасивнии, а по нив следат невработените. Очекувано, вработените се граѓански најактивни, меѓутоа во некои видови граѓанско учество (како на пример волонтерството и хостилниот граѓански активизам) тие не се разликуваат од невработените. Разликите не се толку големи како кај граѓаните со различно образование и кога се држат константни другите демографски параметри, статусот на пазар на труд има намалено значење.
Слично е и со финансиската состојба на граѓаните, меѓутоа тоа е очекувано бидејќи статусот на пазар на труд е директно поврзан со финансиската состојба: вработените граѓани се генерално во подобра финансиска состојба од невработените и неактивните. Генерално, посиромашните граѓани поретко се вклучуваат во граѓански иницијативи, граѓански активизам и волонтерство меѓутоа и тука разликите не се многу големи.

Разлики постојат и меѓу мажите и жените. Освен кај конвенционалното граѓанско учество односно гласањето на избори каде жените нешто почесто го остваруваат ова свое право (и почесто имаат намера да го остваруваат во иднина), мажите почесто учествуваат и во граѓански иницијативи и во граѓански активизам (но не во хостилниот активизам) и волонтираат почесто. Со ова се покажува одреден степен на социјална исклученост на жените во Македонија.
За крај, разлики постојат и по местото на живеење. Така, жителите од руралните средини почесто учествуваат во граѓански иницијативи, особено во споредба со помалите градови. Таму исто така почесто се применува контакт активизмот, особено во споредба со Скопје. Бројките се обратни за волонтирањето и хостилниот активизам: тука Скопјани се значајно поактивни, особено во споредба со селаните.
Интересно, разлики не постојат меѓу граѓаните со различна етничка припадност, освен кај гласањето, каде етничките Албанци нешто поретко гласаат.
Се на се, студијата покажува дека кога станува збор за граѓанското учество, различни групи на граѓани различно често ги пременуваат неговите механизми. Доколку се работи на зголемување на граѓанското учество, овие разлики треба да бидат земени предвид и за секоја група целно да се обработи посебна стратегија за зголемување на учеството и/или во активните мерки да се даде приоритет на маргинализираните групи.

## ЗНАЧЕЊЕТО НА ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА И КАКО ДО ЗГОЛЕМЕНО ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО?

Еден од клучните наоди на оваа студија е поврзаноста на граѓанското учество со добросостојбата на граѓаните и особено со нивното задоволство од сопствените локални заедници и од Македонија. Така, граѓаните кои учествуваат во граѓански иницијативи се позадоволни од сопствените заедници (места на живеење), а тие исто така се позадоволни и од сопствениот живот. Слично, граѓаните кои се позадоволни од сопствените места на живеење е поверојатно и да гласаат на избори и да волонтираат. Со други зборови задоволните граѓани се поинволвирани во сопствените заедници и се посреќни.
Од друга страна граѓаните кои не се задоволни од своите заедници е поверојатно да учествуваат во хостилен граѓански активизам (на пр. протести) и да сакаат да ја напуштат државата.
Ова е особено важно бидејќи од 2012 до 2014 година забележуваме пад и во добросостојбата на граѓаните и во нивното задоволство од сопствените заедници (види График 1 и Табела 6).

**График 1. Задоволство со сопствениот живот во Македонија во 2012 и 2014 година**




Како што може да се види од Графикот 1, бројот на граѓани кои се незадоволни од својот живот се зголемува (особено оние граѓани кои го оценуваат сопствениот живот како особено лош).

Конкретно, бројот на граѓани кои на скала од еден до седум за сопствениот живот даваат оцена до средната (четири) и кои според Галуп можат да се категоризираат како „страдалци“ (Gallup, 2014a) се зголемува од 41% на 49% што значи дека половина од граѓаните на возраст од 16 до 66 години страдаат.

Не само добросостојбата на граѓаните, туку и нивното задоволство со сопствените места на живеење се намалува. Така, бројот на граѓани кои се малку или воопшто незадоволни од своите градови или села расте од 19% на 23%, а на оние кои се многу задоволни паѓа од 39% на 35%. Ова не е голема флуктација, меѓутоа сепак означува потенцијален негативен тренд, а и самата масовност на граѓани кои се незадоволни од своите заедници е алармантен. Уште позагрижувачки е фактот што задоволството од Македонија е уште пониско. Така со државата како место на живеење многу се задоволни помалку од 30% од граѓаните, додека воопшто или малку се задоволни 30%. Тоа е речиси секој трет граѓанин на возраст од 16 до 66 години.

**ТАБЕЛА 6. ЗАДОВОЛСТВО ОД ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ГРАД ИЛИ СЕЛО**

| Колку сте задоволни или незадоволни од вашиот град/вашето село како место за живеење? | 2012 | | | 2013 | | | 2014 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | % | Валидни % | f | % | Валидни % | f | % | Валидни % |
| Многу задоволни | 465 | 38.5 | 38.9 | 346 | 30.9 | 31.0 | 415 | 35,0 | 35,0 |
| Делумно задоволни | 498 | 41.2 | 41.7 | 487 | 43.5 | 43.6 | 493 | 41,5 | 41,6 |
| Малку задоволни | 153 | 12.7 | 12.8 | 173 | 15.4 | 15.5 | 179 | 15,1 | 15,1 |
| Воопшто не задоволни | 78 | 6.5 | 6.5 | 111 | 9.9 | 9.9 | 98 | 8,3 | 8,3 |
| Вкупно | 1194 | 98.8 | 100.0 | 1117 | 99.7 | 100.0 | 1185 | 99,8 | 100,0 |
| Не знам | 15 | 1.2 | | 3 | .3 | | 2 | ,2 | |
| Вкупно | 1209 | 100.0 | | 1120 | 100.0 | | 1187 | 100,0 | |

Знаејќи ги овие бројки можеби нема да зачуди фактот што за пет години меѓу 20 и 23% од граѓаните на Македонија се гледаат себе си преселени во странство, а само две третини се гледаат себе сѝ во местото во кое моментално живеат.

Освен со задоволството од заедниците, желбата за миграција е тесно поврзана и со чувството на припадност во заедниците. Колку граѓаните чувствуваат дека припаѓаат на своите маала, градови и села и Македонија е важно не само како показател за потенцијалната миграција туку и за самото граѓанско учество. Граѓаните кои чувствуваат дека припаѓаат на своите заедници почесто учествуваат во граѓански иницијативи, граѓански активизам и почесто излегуваат на избори. За жал, и кај припадноста на заедниците забележуваме намалување. Така чувството на голема припадност на непосредните маала, села и градови паѓа од 63% - 64% во 2012 година на 55% - 56% во 2014. Слично, додека голема припадност на Македонија декларираат 76% од граѓаните на Македонија во 2012, таа паѓа на 68% во 2014 година.

Дополнителен показател за граѓанското учество во Македонија, можеби очекувано, се самите заедници, односно културата на граѓанска активност во заедниците. Онаму каде соседите постојано или често се здружуваат за да го подобрат маалото се места каде граѓаните и самите се „инспирираат“ за граѓански активизам.

Сепак, најзначаен наод од оваа студија е поврзаноста на граѓанското учество со довербата во сопствената можност да се влијае и значењето кое граѓаните го придаваат на оваа можност односно желбата самите да бидат повклучени во одлуките кои се носат за нивните заедници. Со други зборови колку граѓаните веруваат дека од една страна со сопствените напори можат да придонесат заедниците и општеството да се сменат на подобро и од друга страна колку тие лично чувствуваат одговорност да го сторат тоа односно колку ним им е важно да имаат можност да влијаат врз одлуките кои се носат во нивните општини и во државата се двата клучни става кои одредуваат дали граѓаните ќе бидат активни во своите заедници или не.

И учеството во граѓански иницијативи и граѓанскиот активизам и волонтерството се директно зависни од ставот на граѓаните дали тие можат да влијаат врз одлуките кои се носат за нивните општини и за Македонија и особено од ставот дали тие сакаат да бидат повклучени, односно дали имаат желба и лична одговорност за подобрување на општеството.[9]
Особено е интересно што довербата во можноста да се влијае е показател и за граѓански активизам преку контакт на институциите и за граѓански активизам преку конструктивен ангажман (на пр. работни групи, предлози и сл.), но не за хостилниот граѓански активизам како што се протестите и петициите. Кај овој тип на активизам најважна е желбата да се влијае и незадоволството со заедниците, што значи дека во протести учествуваат и граѓаните кои помалку сметаат дека можат да влијаат врз донесувањето на одлуки, меѓутоа кои се незадоволни од своите заедници и сметаат дека лично треба да се погрижат да ги подобрат истите.
Исто така важен е и наодот дека овие два става се поврзани: граѓаните кои мислат дека можат да влијаат чувствуваат поголема лична одговорност, оние кои мислат дека не можат да влијаат покажуваат апатија. Значи, за да се зголеми и желбата на граѓаните да бидат поактивни во своите заедници, како и самата активност на граѓаните мора да се зголеми довербата на граѓаните дека доколку пробаат да влијаат врз одлуките кои се носат во нивните заедници тие ќе успеат во тоа. Во моментов во Македонија многу мал број на граѓани веруваат во тоа и тоа е еден од најпоразителните податоци на оваа студија (Табела 7).

**ТАБЕЛА 7. ДОВЕРБА ВО СОПСТВЕНАТА МОЌ ДА СЕ ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ОДЛУКИТЕ[10]**

| | 2012 | | | | 2014 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | f | Општина | f | Македонија | f | Општина | f | Македонија |
| Многу можам да влијаам | 52 | 4,5 | 34 | 3,0 | 54 | 4,7 | 40 | 3,5 |
| Делумно можам да влијаам | 256 | 22,3 | 156 | 13,7 | 231 | 20,2 | 144 | 12,7 |
| Малку можам да влијаам | 236 | 20,5 | 157 | 13,8 | 211 | 18,5 | 157 | 13,8 |
| Воопшто не можам да влијаам | 606 | 52,7 | 794 | 69,6 | 647 | 56,6 | 793 | 69,9 |
| Вкупно | 1150 | 100,0 | 1141 | 100,0 | 1143 | 100,0 | 1134 | 100,0 |
| Не знам | 59 | | 68 | | 44 | 4,7 | 53 | |
| Вкупно | 1209 | | 1209 | | 1187 | 20,2 | 1187 | |

Како што може да се види од табелата 7, помалку од 5% од граѓаните на примарна работоспособна возраст веруваат дека многу можат да влијаат врз донесувањето одлуки за сопствената општина, а уште помалку за одлуките кои се носат за Македонија. Напротив, повеќе од половина граѓани веруваат дека немаат буквално никаква можност да влијаат врз општинските одлуки, а повеќе од две третини врз одлуките кои се носат на национално ниво. Според овие податоци, во Македонија има огромен простор за враќање на довербата на граѓаните во сопствената моќ активно да бидат вклучени во подобрувањето на сопствените заедници и одлуките кои се носат во нив. Ова е особено важно бидејќи најголемиот број на граѓани изјавуваат желба да бидат повклучени во одлуките, ним им е многу важно да имаат можност да влијаат врз одлуките кои се носат во нивните општини и тие чувствуваат лична одговорност за подобрување на општеството.
Сметаме дека резултатите од оваа студија индицираат дека зголемувањето на довербата во моќта на граѓаните да одлучуваат во и за сопствените општини треба да стане еден од приоритетите во Македонија.

[9] Само конвенционалното граѓанско учество односно гласањето на избори не е поврзано со довербата во можноста да се влијае и значењето на оваа можност
[10] Конкретните прашања гласеа: „Дали односно колку можете да влијаете врз одлуките што се носат во вашата општина?“ и „Дали односно колку можете да влијаете врз одлуките што се носат за Македонија?“

Прво за да се зголеми учеството на граѓаните во општополезни иницијативи, волонтерство и активизам кои ќе допринесат за развој на заедниците. Второ бидејќи со тоа ќе се зголеми задоволството на граѓаните, ќе се намали бројот на протести и ќе се намали желбата на граѓаните да мигрираат надвор од заедниците и државата што станува се поакутен проблем на Македонија (Gallup, 2014b).
Зголемувањето на довербата на граѓаните во сопствените можности да влијаат врз одлуките кои се носат на општинско и државно ниво треба да се одвива преку едукација на граѓаните за начините преку кои можат да влијаат, но и преку заживување и промовирање на каналите за соработка меѓу институциите и граѓаните. Ова треба да се одвива пред се преку транспарентно работење на институциите и преку зголемување на нивниот напор да ги вклучат граѓаните во одлуките кои тие ги донесуваат. Само на тој начин ќе доживееме вистински пораст на демократијата и граѓанското учество во Македонија.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Bennett, W. L., Wells, C., & Rank, A. (2007). Young Citizens and Civic Learning: Two Paradigms of Citizenship in the Digital Age. Seattle, WA: Center for Communication and Civic Engagment, University of Washington.

Blais, A., Gidengil, E., & Nevitte, N. (2004). Where does turnout decline come from? [Article]. *European Journal of Political Research, 43*(2), 221-236. doi: 10.1111/j.1475-6765.2004.00152.x

Cohen, E. F. (2005). Neither Seen Nor Heard: Children's Citizenship in Contemporary Democracies. *Citizenship Studies, 9*(2), 221-240.

Dejaeghere, Y., & Hooghe, M. (2009). Brief report: Citizenship concepts among adolescents. Evidence from a survey among Belgian 16-year olds. *J Adolesc, 32*(3), 723-732.

EC. (2013). European Youth: Participation in democratic life. Brussels: European Commission.

Ehrlich, T., (Ed.). (2000). *Civic Responsibility and Higher Education*. Westport, CT: Oryx Press.

Espirova, N., Ray, J., & Pugliese, A. (2011). Gallup World Poll: The Many Faces of Global Migration. Geneva: International Organization for Migration.

Franklin, M. N. (2004). *Voter turnout and the dynamics of electoral competition in established democracies since 1945*. Cambridge: Cambridge University Press.

Gallup. (2011, 02.01.2013). Civic Engagement Highest in Developed Countries: People less likely to volunteer time than donate money, help stranger, from http://www.gallup.com/poll/145589/civic-engagement-highest-developed-countries.aspx#1

Gallup. (2014a). Gallup World Metrics Retrieved 14.08, 2014, from http://www.gallup.com/poll/world.aspx?ref=b

Gallup. (2014b). Potential Net Migration Index Declines in Many Countries from http://www.gallup.com/poll/166796/potential-net-migration-index-declines-countries.aspx

Harris, A., Wyn, J., & Younes, S. (2010). Beyond apathetic or activist youth 'Ordinary' young people and contemporary forms of participation. [Article]. *Young, 18*(1), 9-32. doi: 10.1177/110330880901800103

ILO. (2008). Manual of the Measurement of Volunteer Work *Chapter 5 of Report I, General Report to the ICLS* Geneva, Switzerland: International Labour Organization.

ILO. (2011). Youth employment in Eastern Europe: Crisis within the crisis Geneva.

Jois, G. U., & Toppe, C. M. (2005). Civic Engagement among American Youth: Research, Activism, and Democracy. *Association for Research on Nonprofit Organizations and Voluntary Action. Washington, DC*

Kimberlee, R. H. (2002). Why Don't British Young People Vote at General Elections? *Journal of Youth Studies, 5*(1), 85-98. doi: 10.1080/13676260120111788

Korunovska Srbijanko, J., Korunovska Avramovska, N., & Maleska, T. (2011). *Capitulation, Confusion or Resistance: Social Capital among Macedonian High-School Students*. Skopje Youth Educational Forum.

Korunovska Srbijanko, J., Korunovska Avramovska, N., & Maleska, T. (2012a). Predicting youth apathy and exclusion: Macedonian high-school students and their relations to their communities. [Original article ]. *Sociologija, 54*(2), 333-350. doi: DOI:10.2298/SOC1202333K

Korunovska Srbijanko, J., Korunovska Avramovska, N., & Maleska, T. (2012b). *Youth and the Labor Market*. Skopje: REACTOR Research in Action

Korunovska Srbijanko, J., Korunovska Avramovska, N., & Maleska, T. (2013). The "Getting Nowhere" Generation: The Transition of Unemployed Youth in Transitional Macedonia. In C. Gordon, M. Kmezic & J. Opardija (Eds.), *Stagnation and drift in the Western Balkans: the challenges of political, economic and social change.* (Vol. 10). Pieterlen: Peter Lang AG.

Kovacheva, S. (2000). Keys to Youth Perticipation in Eastern Europe. Strasbourg: Directorate of Youth and Sport. Council of Europe.

Lenzi, M., Vieno, A., Perkins, D. D., Santinello, M., Elgar, F. J., Morgan, A., & Mazzardis, S. (2012). Family Affluence, School and Neighborhood Contexts and Adolescents' Civic Engagement: A Cross-National Study. [Article]. *American Journal of Community Psychology, 50*(1-2), 197-210. doi: 10.1007/s10464-012-9489-7

Lerner, R. M. (2004). *Liberty: Thriving and Civic Engagement among America's Youth*. Thousand Oaks, CA: Sage Publications.

Lim, C., & Sander, T. (2013). Does misery love company? Civic engagement in economic hard times. *Social Science Research, 42*(1), 14-30. doi: http://dx.doi.org/10.1016/j.ssresearch.2012.07.004

Mondak, J. J., & Gearing, A. F. (1998). Civic engagement in a post-communist state. [Article]. *Political Psychology, 19*(3), 615-637. doi: 10.1111/0162-895x.00121

O'Toole, T., Lister, M., Marsh, D., Jones, S.,, & McDonagh, A. (2003). Turning out or Left Out? Participation and Nonparticipation Among Young People. *Contemporary Politics, 9*(1), 45-61.

Pippa, N., (Ed.). (1999). *Critical CitizensGlobal Support for Democratic Government*. Oxford: 'Oxford University Press'.

UNDP. (2012a). Enhancing Youth Political Participation throughout the Electoral Cycle. New York City: United Nations Development Programme.

UNDP. (2012b). Youth, political participation and decision-making [Fact Sheet]. New York City: United Nations Development Programme.

World Bank. (2011a). Migration and remittances data from World Bank http://econ.worldbank.org/WBSITE/EXTERNAL/EXTDEC/EXTDECPROSPECTS/0,,contentMDK:22759429~pagePK:64165401~piPK:64165026~theSitePK:476883,00.html

World Bank. (2011b). Migration and Remittances Factbook (2nd ed.). Washington Workd Bank.

Youniss, J., Mclellan, J. A., Su, Y., & Yates, M. (1999). The Role of Community Service in Identity Development: Normative, Unconventional, and Deviant Orientations. *Journal of Adolescent Research, 14*(2), 248-261. doi: 10.1177/0743558499142006

Zaff, J., Boyd, M., Li, Y., Lerner, J. V., & Lerner, R. M. (2010). Active and engaged citizenship: multi-group and longitudinal factorial analysis of an integrated construct of civic engagement. *J Youth Adolesc, 39*(7), 736-750.

Zaff, J., & Michelsen, E. (2001). Background for Community - Level Work on Positive Citizenship among Adolescents: A Review of Antecedents, Programs, and Investment Strategies *Child Trends*. Washington, DC: John S. and James L. Knight Foundation.

ДЗС. (2009). Анкета за користење на времето. Скопје: Државен завод за статистика.

ДЗС. (2013). Статистичка база на податоци. Retrieved 17.11.2013, from Republic of Macedonia http://makstat.stat.gov.mk/pxweb2007bazi/Dialog/statfile1.asp

ДЗС. (2014). Анкета на работна сила 2013. Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија

Клековски, С., Јаковлеска, Г., & Стојанова, Д. (2011). Општествена одговорност на граѓаните. Скопје, Македонија: Македонски центар за меѓународна соработка.
Клековски, С., Кржаловски, А., & Јаковлеска, Г. (2007). Општествена одговорност на граѓаните. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.
Клековски, С., Кржаловски, А., Саздовска, С., Јаковлеска, Г., Колиќ, М., & Стојанова, Д. (2009). Општествена одговорност на граѓаните. Скопје, Македонија: Македонски центар за меѓународна соработка.
Клековски, С., Стојанова, Д., Јаковлевска, Г., & Нурединоска, Е. (2011). Долг пат до поголем граѓански ангажман Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.
МТСП. (2010). Стратегија за промовирање и развој на волонтерството (2010 - 2015) и план за спроведување (акциски план). Скопје, Македонија: Министерство за труд и соцјална политика.
ЦИРа. (2006). Истражување за развој на филантропијата во Република Македонија. Скопје, Македонија: ЦИРа.